Веб страница

**СТ.бр.10/2020**

**Р.**

**ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО**, како првостепен стечаен суд и тоа Исмаил Елези, како стечаен судија, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка над стечајниот должник ДТПУ ФЕРО КОМЕРЦ-ЕД ДООЕЛ увоз-извоз с.Могорче, Општина Дебар, со седиште с.Могорче, Општина Дебар, поднесен преку полномошникот на предлагачот Шериф Салоски, адвокат од Струга, по одржаното рочиште во присаство на полномошникот на предлагачот Шериф Салкоски, адвокат од Струга, и привремениот стечаен управник Агрон Арифи од с.Пирок, Боговиње, денес на ден 13.04.2020 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОТВАРА** стечајната постапка над должникот ДТПУ. ФЕРО КОМЕРЦ-ЕД ДООЕЛ, увоз-извоз с.Могорче, Општина Дебар, со седиште с.Могорче, Општина Дебар, со ЕМБС-6522130, со ЕДБ-4008009500737, со трансакциска сметка-200002001546977 во Стопанска банка АД Скопје, Филијала Дебар и шифра на дејност-43.99 останати специјализирани градежни работи, неспомнати на друго место.

Отворената стечајна постапка **НЕ СЕ СПРОВЕДУВА** истата **СЕ ЗАКЛУЧУВА** поради немање на имот на стечајниот должник.

По правосилноста на решението, стечајниот должник **СЕ БРИШЕ** од Централниот регистар на РСМ.

Извод од решението да се објави во Службен весник на РСМ Скопје,Огласна табла на судот,а примерок од решението да се достави до Централниот регистар-Регионална канцеларија Битола.

**СЕ НАЛАГА** на Стопанска банка АД. Скопје, Филијала Дебар, како институција што вршела платен промет за субјектот, по приемот на ова решение, доколку на жиро сметката на субјектот се наоѓаат средства, истите да се префрлат на жиро сметката на Буџетските средства на РСМ, па потоа жиро сметката на стечајниот должник **ДА СЕ ЗГАСНЕ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

До овој суд предлагачот преку полномошникот Шериф Салоски, адвокат од Струга,п однесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот ДТПУ ФЕРО КОМЕРЦ-ЕД ДООЕЛ увоз-извоз с.Могорче Општина Дебар, со седиште с.Могорче Општина Дебар, согласно чл.5 и 51 од Законот за стечај.

Постапувајќи по предлогот, судот со решение СТ.бр.10/2020 од 08.01.2021 година, поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка. Со истото решение определи привремен стечаен управник со задолжение да утврди дали се

исполнети условите за отворање на стечејна постапка, дали должникот има имот и дали од имотот може да се формира стечајна маса и да се намират трошоците на стечајната постапка. Истовремено закажа рочиште заради изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка над должникот на ден 13.04 .2021 година,во 12 и 45 часот.

Полномошникот на предлагачот на денешното рочиште изјави дека останува при предлогот за отварање на стејчајна постапка, наводите во истиот и доставените докази, па поради немање имот, предлага судот да отвори стечајна постапка над должникот, истата да не се спроведува туку да се затвори поради немање стечајна маса.

Судот ги изведе предложените докази и тоа со шитање на: Потврда за состојба на сметка број 81-1 /20-701 од 16.09.2020 година, барање за издавање на увреение за платени даноци и придонеси од домашно/ странско правно лице, или самостоен вршител на дејност, бр.27-7/62 од 16.09.2020 година, уверение дека лицето не е запишано како носител на право во катастар на недвижности бр. 1108-140/2020 од 16.09.2020 година од АКН-Дебар, Потврда рег.бр.12.1.8-7/156 од 17.09.2020 година од МВР, Отсек за управно надзорни , Отсек за управни работи Охрид за Дебар, изјава за финансиско - економска состојба од должникот од 30.03.2021 година, изјава од должникот Еџевит Даутоски од 30.03.2021 година, извештај на привремениот стечаен управник и биланс на состојба.

Со оценка на изведните докази, судот утврди дека стечајниот должник ги исполнува условите за отворање на стечајна постапка, предвидени во чл.5 од Законот за стечај. Односно дека стечајниот должник е неликвиден и блокиран повеќе од 45 дена. Дека не поседува имот од кој би се формирала стечајна маса за намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

Поради тоа согласно чл.51 ст.4 и 68 ст.1 од Законот за стечај, следуваше судот да одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО СТ.бр.10/2020 од 13.04.2021 година.**

**Стечаен судија,**
**Исмаил Елези, с.р.**

**ПОУКА:** Против ова решение доверителите имаат право на жалба преку овој суд до Апелационен суд Гостивар, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на решението во Службен весник на РСМ.

**Д-НО:** На полномошникот на предлагачот, привремениот стечаен управник, огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево, УЈП-Дебар, службен весник на РСМ, по правосилноста на решението на Централен регистар на РСМ-Регионална канцеларија Дебар, Стопанска банка АД. Скопје.